Република Северна Македонија
- Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Бр. Nr. 11-18-402
11.02.2020
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 26 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.116/2019), министерот за образование и наука донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Статутот на**
**Општинско основно училиште „Тошо Велков - Пепето" – Кавадарци**

1. **СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Статутот на Општинско основно училиште „Тошо Велков - Пепето" – Кавадарци, со бр.01-37/1 од 23.01.2020 година.
2. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

***Образложение***

До Министерството за образование и наука доставено е Барање бр.03-81/1 од 06.02.2020 година од страна на Општинско основно училиште „Тошо Велков - Пепето" – Кавадарци, за согласност на Статут на училиштето.

Врз основа на доставеното барање, Одлука за донесување на Статутот со бр.01-37/3 од 23.01.2020 година и Одлука со која се дава позитивно мислење на Статутот на училиштето донесена од страна на Советот на Општина Кавадарци со бр.08-378/29 од 29.01.2020 година, а согласно член 26 од Законот за основното образование, министерот за образование и наука донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

***Упатство за правно средство:*** Против ова решение може со тужба да се поведе управен спор пред Управниот суд, во рок од 30 дена, сметано од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- ООУ „Тошо велков - Пепето" – Кавадарци;
- архива;

Изготвил:Емилија Андовска
Одобрил: Милка Масникоса

ООУ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО КАВАДАРЦИ
Примено: 19.02.2020
01-81/2

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоупрва ( „Сл.Весник на РМ".бр.5/2002), а во врска со член 26 точка 4 од Законот за Основното образование („Сл. Весник на РСМ„ бр.161/19), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.8/05,14/10,24/10,38/19),

Советот на Општина Кавадарци на 37-та седница одржана на ден 29.01.2020 година , донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање позитивно мислење на Статутот**
**на ООУ„Тошо Велков Пепето „ Кавадарци**

**Член 1**

Се дава позитивно мислење на Статутот на ООУ„ Тошо Велков Пепето „ Кавадарци со арх.бр.01-37/3 , донесен на Училишен Одбор на ООУ„ Тошо Велков Пепето „ Кавадарци, на седница одржана на ден 21.01.2020 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-378/29
29.01.2020 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев

ООУ „Тошо Велков – Пепето“ Кавадарци
**Сонцето грее подеднакво за сите**

Република Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО
Бр. 01-37/3
23.01.2020 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на чл.26 точка 3 , член 108 т.1 став 1 од ЗОО(Сл.весник на РСМ бр.161/19) Училишниот Одбор на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци на состанокот одржан на ден 21.01.2020 год. година донесе

# О Д Л У К А

За донесување на Статут на училиштето

**Член 1**

Училишниот Одбор на на ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци го разгледа и усвои Предлог-Статутот на училиштето.

**Член 2**

Предлог –статутот е усогласен со Законот за основно образование

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ООУ,,Тошо Велков-Пепето,, Кавадарци согласно Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/19),изврши усогласување на истите и донесе Одлука за донесување на Статут усогласен со наведените законски измени.

Истиот ќе биде доставен до основачот –Совет на општина Кавадарци за добивање позитивно мислење и Министерството за образование и наука за добивање согласност за негова употреба.

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на УО

21.01.2020год.
Кавадарци

/Диме Мукаетов/

Република Македонија
Општинско Основно Училиште
ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО
Бр 01-37/3
23-01-2020 год
КАВАДАРЦИ

# С Т А Т У Т

# НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

# „ ТОШО ВЕЛКОВ-ПЕПЕТО“ КАВАДАРЦИ

**Кавадарци, јануари 2020 година**